# ГОДИШЕН НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ НА ИО ЕКВИНОКС 2023

Почитувани,

Овој извештај ги содржи сите настани организирани од страна на ИО Еквинокс во предиодот од 1.1-31.12.2023 година.

## Мисија

Мисијата на одредот е да придонесе во образованието на младите луѓе низ систем на вредности засновани врз Извидничкиот Завет и Закони, да помогне во изградбата на подобар свет каде што луѓето се самоисполнети како индивидуе и имаат конструктивна улога во општеството.

## Цел

Целта на одредот е да придонесува во развојот на младите луѓе, во достигнувањето на нивните потполни физички, интелектуални, општествени и духовни можности како поединци, како одговорни граѓани и како членови на нивните локални и национални заедници, како и меѓународната заедница.

## Вкупен број на членови во одредот заклучно со 1.2.2024: 75






- #НаправиДоброДело .
- #ИзвидничкиОдредЕквинокс-Штип





- **25 светска извидничка смотра август?**



Извидничките смотри се едни од највозбудливиот дел за сите извидници. Во 2023 година се одржа 25-та Светска Извиднижка Смотра. А на истата претставници од Штип беа нашите Дарко и Борјан. Македонското знаме и нашиот народ беа одлично претставени во Јужна Кореја пред повеќе од 40.000 извидници од целиот свет.

- **Форум за Ровери 22-24.9.**

- **#НаправиДоброДело - Крводарителска акција 22.2.**




Традиционално, по повод денот на извидниците 22 февруари, како одредите низ цела Македонија така и ИО Еквинокс организираше крводарителска акција.
Според извидничкиот принцип ,,Обврска кон другите”, извидниците од Штип се погрижија да им пружат прилика на своите сограѓани за да направат добро дело, да даруваат крв и да спасат живот.



- **Полагање на вештарство - Велосипедист 21.10.**



Под мотото ,,Биди подготвен” се стремиме кон подготвеност од секој аспект и во секое време. Со цел исполнување на мотото и здобивање со вистинска подготвеност полагаме вештарство кое се состои од различни предизвици кои би ни помогнале во даден момент. Една од тие предизвици е и велосипедизмот.



- **13 мк смотра  12.7.-21.7.2023.**



Додека пак, после точно 5 години, во Крушево се оддржа 13-та македонска смотра. Извидниците од цела Македонија повторно беа обедите на едно место, и беа добри домаќини за гостите извидници од 16 држави ширум светот. Ја претставивме нашата култура и дознавме нешто повеќе за 16 други култури. Над 1.000 извидници од целиот свет се дружеа 10 дена токму во нашето Крушево.

- **#ОсветлиЈаПланината 18.2.2023.**



Одредската традиција продолжи и во 2023 година. Уште една од активностите организирани во месецот февруари, месецот на извидникот и месецот на добрите дела, е ноќниот хајк под мотото ,,Осветли ја планината”. Нашите извидници од целиот одред, од сите возрасти, со вклученост на родителите и останатите граѓани кои ја сакаат планината, го осветлија обележјето на нашиот град, тврдината Исар.

- **Посета на противпожарна единица Штип 5.3.2023.**

Извидниците од патролата Огнени извидници/Бабои ја посетија против пожарната единица на Штип. Дознаа нешто повеќе за опремата со која располага единицата, за нивните возила, правила начини на кои работат како и за тоа во кои други градови одат да помогнат и од кои градови најчесто доаѓа помош кога има потреба од неа.

- **Пошумување Боренка 18.3.2023.**



Извидници од нашиот одред со задоволство волонтираа за најголемата волонтерска иницијатива за пошумување на опожарени места, Боренка. Посадија над 1.000 садници на едно од оштетените места при тешките пожари.



- **1 април**

1 април беше одбележан со мала одредска забава на која секој присутен извидник си направи интерсна првопарилска маска за себе. Секој ја искажа својата креативност, преку маската ни покажаа кои им се омилените ликови од омилените цртани филмови или видео игри. Шаренилото и различните маски го одбележаа и разубавија денот на шегата на нашиот одред.







- **Водени лудории 19.6.2023.**

Летниот распуст го започнавме со учество во Водените лудории, во организација на ИПО Галеб. Им благодариме за поканата, забавата која ни ја пружија како и убавиот почеток на летото во 2023 година.